РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Бр.-Nr. 14 - 203/1
12.02 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Склучен во Скопје, на 12.02.25, помеѓу:

1. **Комисија за спречување и заштита од дискриминација**, со седиште на ул. "Даме Груев" бр. 1, Скопје, застапувана од претседателот Лимко Бејзароски (во натамошниот текст: Комисијата), од една страна и

2. **ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ И АНАЛИТИКА ИМА Скопје**, со седиште на ул. "Струма" бр.3/1-12, Скопје, застапувана од претседателот Петрит Сарачини, (во натамошниот текст: ИМА), од друга страна

Потврдувајќи го интересот за меѓусебна соработка, Комисијата и ИМА се согласија за следново:

**Член 1**

Овој меморандум има за цел да воспостави рамка за соработка помеѓу Комисијата и ИМА со цел унапредување на заштитата од дискриминација, промоција на човековите права и подигнување на јавната свест во областа на медиумите и јавното информирање.

**Член 2**

За реализација на оваа соработка, страните ќе формираат заеднички работни групи, ќе потпишуваат посебни договори за конкретни проекти и ќе комуницираат редовно за напредокот и резултатите од заедничките активности.

**Член 3**

Овој меморандум стапува во сила на денот на неговото потпишување и ќе важи на неопределено време, освен ако една од страните не изрази писмена намера за раскинување со најмалку 30-дневен отказен рок.

**Член 4**

Овој меморандум не создава правно обврзувачки однос меѓу страните, туку служи како основа за соработка. Сите спорови ќе се решаваат со дијалог и заемна согласност.

Во знак на согласност, страните го потпишуваат овој меморандум во два (2) идентични примерока, по еден за секоја страна.

| Комисија за спречување и заштита од дискриминација | Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје |
| --- | --- |
| преседател | претседател |
| Лимко Бејзароски | Петрит Сарачини |